Финансирано од Европска Унија

Институт за човекови права

UNDP

Гласот на младите

Препораки за унапредување на меѓуетничкиот дијалог и создавање инклузивно општество



Наслов:
Гласот на младите: Препораки за унапредување на меѓуетничкиот дијалог и создавање инклузивно општество

Издавач:
Институт за човекови права

За издавачот:
Маргарита Цаца Николовска

Уредник:
Марија Чекреџи

Автор:
Фјола Златку Ајрула

Лектура:
Татјана Стојановска

Графички дизајн:
Дамјан Канзуров

Ноември 2024 година, Скопје

Оваа публикација е произведена со помош на проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан“ којшто го финансира Европската унија, а го спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Содржината на оваа публикација е исклучива одговорност на Институт за човекови права и не секогаш ги одразува ставовите на Европската Унија и УНДП.

СОДРЖИНА

ВОВЕД **4**

МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОПШТЕСТВО **5**

УЛОГАТА НА МЛАДИТЕ ВО РАЗВИВАЊЕТО НА МУЛТИЕТНИЧКИОТ ДИЈАЛОГ **6**

Согледувања и предлози од учениците **8**

МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ ПРЕКУ КРЕАТИВНОСТ **9**

СОРАБОТКА СО УЧИЛИШТАТА **11**

ИДЕНТИФИКУВАНИ ПРЕДИЗВИЦИ И РЕШЕНИЈА ПРЕДЛОЖЕНИ ОД УЧЕНИЦИТЕ **12**

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ **14**

ВОВЕД

Етничката инклузивност во македонските училишта претставува клучен предизвик веќе со децении и е длабоко поврзана со пошироките политички и социјални динамики во државава. Северна Македонија е дом на мултиетничко население, при што Македонците и Албанците се двете најголеми етнички заедници, заедно со помалите заедници на Турци, Роми, Срби, Бошњаци, Власи и други. Иако оваа разновидност го збогатува културното ткиво на земјата, таа е исто така извор на тензии, особено во образовниот систем, каде сегрегацијата според јазикот и етничката припадност е честа појава.

Корените на етничката сегрегација во училиштата може да се пронајдат во историските тензии меѓу македонската и албанската заедница, особено за време на конфликтите во почетокот на 2000-тите години. Овие тензии доведоа до фрагментиран образовен систем, со паралелни образовни процеси за учениците од различни етнички заедници. Во многу училишта низ државава македонските и албанските ученици се одвоени во различни паралелки, или учат во различни смени, па дури и во различни објекти, како што е случајот во Куманово. Како резултат на тоа ретко комуницираат, што ги засилува поделбите, кои пак често продолжуваат и во зрелата возраст.

Оваа одвоеност не влијае само на образованието, туку и на социјалниот развој на учениците. Истражувањата спроведени од Европска комисија против расизмот и нетолеранцијата[1] и УСАИД[2] покажуваат дека учениците кои се сегрегирани според етничката припадност често растат со ограничено разбирање и почит кон другите култури, што може да ги влоши етничките тензии во поширокото општество. Недостатокот од можности за значајна интеракција во текот на училишните години остава малку простор за развивање на пријателства меѓу учениците од различни етнички заедници, што води кон зацврстени стереотипи и предрасуди.

Структурата на наставната програма исто така придонесува за оваа сегрегација. Во многу случаи има малку преклопување во предметите или во активностите што им се нудат на учениците од различни етнички заедници, што го отежнува заедничкото учење. Воннаставните активности, кои би можеле да служат како платформа за интеркултурна комуникација, често се недоволно искористени, оставајќи малку можности за дружење на учениците надвор од нивната непосредна етничка заедница.

Етничката инклузивност во македонските училишта е од витално значење за развојот на меѓусебното почитување и за размена на културните вредности. Младите играат клучна улога во овој процес, бидејќи тие се генерацијата која може да ја надмине етничката поделеност и да придонесе кон создавање хармонично општество.

Во оваа насока Институтот за човекови права го реализираше проектот „Младински активизам за инклузивно општество“, кој се спроведува во рамки на проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан“, финансиран од Европската унија, а го спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Главна цел на проектот е да се промовира инклузивноста преку младински активизам, со посебен фокус на поттикнувањето меѓуетнички дијалог меѓу учениците од различни етнички заедници во средните училишта во Северна Македонија.

Врз основа на реализираните проектни активности се изготви овој извештај, насловен „Гласот на младите: Препораки за унапредување на меѓуетничкиот дијалог и создавање инклузивно општество“, кој дава осврт на состојбите во нашето образо-

1 *https://rm.coe.int/sixth-ecri-report-on-north-macedonia/1680ac8c47*

2 *https://pdf.usaid.gov/pdf_docs/PA00ZN51.pdf*

вание од перспектива на учениците, и нуди заклучоци и препораки за подобрување на меѓуетничкиот дијалог и потенцирање на улогата на младите во овој процес. Цел на извештајов е да им даде глас на младите преку преточување на нивните гледања и препораки во јавен документ кој ќе биде испратен до релевантните чинители и до поширокатa јавност.

МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОПШТЕСТВО

Проектот „Младински активизам за инклузивно општество“ на Институтот за човекови права се спроведуваше во периодот од декември 2023 година, до ноември 2024 година. Цел на проектот беше да се подигне свеста и да се ангажираат младите во развивање дијалог за промовирање мултиетничко општество за сите. Оваа цел беше постигната преку вклучување на учениците во развивањето мултиетнички дијалог и подигањето на свеста за почитување и напредување на различните идентитетски обележја на заедниците, со цел креирање мултиетничко општество.

Во рамките на проектот беа реализирани следниве активности:

- Организирање четири трибини на тема „инклузивно образование“ со ученици од средни училишта од Скопје, Тетово и Куманово, во кои наставата се одвива на македонски, албански и турски јазик.
- Одржување три работилници, во формат на филмска вечер, за ученици од средни училишта од Скопје, Тетово и Куманово, со цел создавање неформална средина за дружење, размена на идеи и инспирација за создавање позитивни промени во училиштето и општеството.
- Спроведување уметнички конкурс на тема „Младински активизам преку креативност“ и фото-конкурс на тема „Мојата култура низ објективот“, со цел поттикнување креативното изразување (фотографирање и цртање) на младите, како вид на младински активизам, запознавање со културните обележја на различните етнички заедници и промоција на нивните идеи и препораки за создавање инклузивно општество.
- Подготовка на кратки текстови за блог од средношколци, на тема: ‘креирање мултиетничко општество, негување и унапредување на мултикултурата’.

Наведениве активности придонесоа кон покренување јавна дебата за воспоставување мултиетнички дијалог помеѓу учениците, за зголемено разбирање и ангажман на младите, како и за запознавање со другите етнички заедници и прибирање сознанија за меѓусебното познавање и мултиетничката интеграција во и вон образовниот процес. Имено, активностите придонесоа кон подобро запознавање со состојбите и за создавање поцелосна слика за мултиетничкото образование и неговото влијанието врз младите.

Овој извештај е изготвен врз основа на дискусиите што се водеа на трибините и на работилниците, а кои беа реализирани во четири средни училишта од Скопје, Тетово и Куманово, каде наставата се одвива на македонски, албански и турски јазик, и тоа:

- СУГС „Димитар Влахов“ – Скопје;
- СМУГС „Д-р. Панче Караѓозов“ – Скопје;

- СОУ „Перо Наков“ – Куманово; и
- ОСМУ „Никола Штејн“ – Тетово.

Табела 1 – Податоци за бројот на ученици запишани во четирите избрани училишта[3]

	СУГС „Димитар Влахов“	СМУГС „Д-р. Панче Караѓозов“	ОСМУ „Никола Штејн“	СОУ „Перо Наков“
Град	Скопје	Скопје	Тетово	Куманово
Вкупен број ученици	491	2419	2218	819
Машки	249	619	961	379
Женски	242	1800	1257	440
	Вкупен број ученици по наставен јазик			
Македонски	253	1418	351	522
Албански	225	1001	1801	279
Турски	13	-	66	-

Цел на овој извештај е да се потенцира улогата и да им се даде глас на младите во процесот на креирање инклузивно образование и општество. Извештајов ги сублимира нивните видувања, коментари, предизвици и препораки за подобрување на меѓуетничкиот дијалог во државава.

УЛОГАТА НА МЛАДИТЕ ВО РАЗВИВАЊЕТО НА МУЛТИЕТНИЧКИОТ ДИЈАЛОГ

Во рамките на проектот „Младински активизам за инклузивно општество“ беа организирани четири трибини во средните училишта, во три мултиетнички градови: Скопје, Тетово и Куманово. Овие училишта се познати по нивната разновидна етничка структура и во нив учениците доаѓаат од различни етнички заедници како Македонци, Албанци, Турци, Роми и други.

Трибините беа организирани во СУГС „Димитар Влахов“ – Скопје, СМУГС „Панче Караѓозов“ – Скопје, ОСМУ „Никола Штејн“ – Тетово и СОУ „Перо Наков“ – Куманово. Трибините беа отворени за сите ученици од избраните училишта и беа одржани во просториите на училиштата. На овие трибини беше дискутирано за предностите и предизвиците на образованието во една мултиетничка средина. Целта беше да им се даде шанса на младите да го искажат своето мислење и да дадат нивни

3 Податоците во оваа табела се добиени од веб-страницата на Општина Куманово и со барање пристап до информации од јавен карактер до град Скопје и општина Тетово.

предлози за создавање не само на инклузивно образование, туку и за создавање инклузивно општество.

Главна цел на трибините беше да се направи простор за отворена дискусија во која учениците ќе имаат можност да споделат свои мислења и искуства. Трибините беа водени од фасилитатори кои доаѓаа од две етнички заедници, односно еден македонец и еден албанец, со што се осигуруваше дека дискусиите ќе бидат инклузивни и дека ќе се рефлектира мултиетничкиот состав на заедниците. Фасилитаторите имаа клучна улога во насочувањето на дискусиите, поставувајќи прашања кои поттикнуваа размислување за важноста на инклузивноста, меѓуетничката толеранција и соработката меѓу учениците. Покрај тоа, на трибините беа присутни преведувачи на македонски, албански и турски јазик, со цел да им се овозможи на учениците кои не го владеат македонскиот јазик да учествуваат целосно во разговорите. Вакватa јазична поддршка беше од особена важност за создавањето инклузивна атмосфера и за обезбедувањето еднаков пристап за сите учесници.

Секоја од четирите трибини почнуваше со појаснување и со критичко размислување за тоа што претставува терминот „инклузија.“ Беа организирани вежби, кои имаа за цел да ги поттикнат учениците да се фокусираат на заедничките нешта што ги обединуваат, наместо на разликите што ги раздвојуваат. На овој начин, преку интерактивни активности, учениците беа охрабрени да споделуваат искуства и вредности, а со тоа се промовираше меѓусебното разбирање и создавањето заедничко чувство на припадност, без оглед на нивната етничка или културна заднина.









Учениците имаа можност да зборуваат за нивните лични искуства во училишната средина, вклучувајќи ги и предизвиците со кои се соочуваат поради етничката и јазичната поделба, и беа охрабрени да предложат идеи и решенија за зголемување на учеството на младите во процесите на создавање инклузивни училишта и општество. Многу од нив го истакнаа значењето на воведување заеднички активности и часови, за кои сметаа дека би го поттикнале дружењето и заедничката работа помеѓу учениците од различни паралелки и наставни јазици.

Една од клучните цели на трибините беше да се промовираат идеи и решенија кои ќе го зголемат учеството на младите во процесите на создавање инклузивни училишта и општество. Преку овие отворени и интерактивни трибини младите имаа можност да се вклучат во процесот на идентификација на проблемите, но и да дадат свои идеи за тоа како да се надминат предизвиците и да се подобри мултиетничкото образование во училиштата. Учениците имаа можност да зборуваат за нивните искуства во училишната средина, вклучувајќи ги и предизвиците со кои се соочуваат поради етничката и јазичната поделба. Освен тоа учениците дискутираа и за тоа како влијаат етничките бариери врз нивните училишни искуства и предложија заеднички активности кои би можеле да бидат решение за надминување на сегрегацијата.

Трибините имаа за цел да поттикнат и критичко размислување кај младите за етничката припадност, за нивните ставови кон различностите и за нивната улога во создавањето инклузивно општество. Во текот на дискусиите учениците ги споделија своите искуства од училишниот живот, вклучувајќи ги предизвиците со кои се соочуваат поради јазичната и етничката поделба во училиштата. Многу ученици посочија дека немаат многу често можност за заеднички активности со ученици од други етнички заедници, поради што предложија различни иницијативи и активности кои би можеле да помогнат во подобрувањето на ситуацијата.

Согледувања и предлози од учениците:

- Почесто да се одржуваат активности, како што беа трибините, кои ќе им овозможат поголем контакт со соучениците кои учат на друг наставен јазик, или кои се припадници на различна етничка група, со што ќе се помогне да се рушат меѓусебните стереотипи и предрасуди. Дополнително, учениците ја истакнаа важноста од редовни собири и неделни настани кои поттикнуваат дијалог и интеракција меѓу различните етнички групи.
- Да се организираат повеќе заеднички екскурзии на кои учениците ќе можат меѓусебно да се зближуваат. Тие истакнаа дека во минатото се одржувале заеднички екскурзии кои позитивно влијаеле на инклузијата и на меѓусебното запознавање меѓу учениците.
- Да се организираат воннаставни активности како: саеми, креативни работилници или спорт, во кои јазикот нема да претставува бариера, бидејќи комуникацијата ќе биде заснована на слободно изразување. Исто така, воведувањето повеќе заеднички воннаставни активности, како што се спортските или научно-истражувачките проекти, може да помогнат да се премости етничкиот јаз. Овие заеднички интереси обезбедуваат неутрална почва за градење пријателства и за разбирање.

- Да се редизајнира распределбата на смените со цел порамномерно да се мешаат учениците кои учат на македонски и на албански наставен јазик, потенцијално намалувајќи ја етничката сегрегација.
- Иако трибините беа одржувани во училишта во кои наставата се одвива на повеќе јазици, учениците истакнаа дека учат во различни смени, на различни спратови или пак во сосема различни згради. Учениците предлагаат и кадарот од училиштето да го подобри својот капацитет и способностите за справување со провокациите и потенцијалните проблеми меѓу децата, бидејќи одлуката да се направи прераспределба може иницијално да предизвика тензии и провокации.
- Да се предвиди изборен предмет за јазикот кој ќе им овозможува на учениците да го учат јазикот на другите етнички заедници. Тоа би можело да поттикне подобрена комуникација и разбирање. Доколку за ова првично има мал интерес, промовирањето на овие часови како суштински за културната компетентност може да го зголеми бројот на пријавени ученици.
- Одржаните трибини од учесниците беа оценети како успешни и изразија голем интерес за поголемо вклучување во слични активности во иднина. Ова укажува на потребата од континуирана поддршка за вакви иницијативи кои им овозможуваат на младите да играат активна улога во градењето инклузивно општество.

МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ ПРЕКУ КРЕАТИВНОСТ

Во рамки на проектов беа организирани и три работилници, за избраните средни училишта, со цел да ги поттикнат учениците од различните етнички заедници да создадат креативни дела кои ги одразуваат културните и јазичните особености на нивните заедници. Беа организирани и една работилница во Скопје, една во Куманово и една во Тетово. На работилниците беше проектиран филмот *Freedom writers* (Писатели на слободата), а после проекцијата учениците имаа можност да се вклучат во отворена дискусија. Овие работилници беа замислени како иновативен пристап кон културната размена, каде учениците, преку креативни медиуми, можеа да ја истакнат уникатноста на своите заедници, а истовремено и да научат за културата на нивните врсници од различни етнички групи.

Пред одржувањето на работилниците беше објавен јавен конкурс преку кој на учениците им се овозможи да учествуваат со свои креативни дела, кои на некој начин ја претставуваат културната и јазичната традиција на нивната етничка заедница. Учесниците беа охрабрени да користат различни форми на уметничко изразување.

За многумина ова беше првпат да учествуваат во ваков вид активност, што им даде можност да ја истакнат својата индивидуалност и да ја презентираат својата култура пред поголема група. Уметничките дела на учениците беа изложени на работилниците.

Работилниците започнаа со проекција на филмот *Freedom Writers*, со цел да се поттикне критичкото размислување кај учениците. Филмот на учениците многу им се

допадна и ги охрабри да дебатираат и да дискутираат за корисни идеи. По проекцијата се одржа гласање за избор на најдобро уметничко дело од пријавените учесници на конкурсот, при што победникот, како награда, доби безжични слушалки.





Freedom Writers е инспиративен филм кој раскажува вистинска приказна за учителка што ги мотивира своите ученици од различни етнички заедници да ги надминат предрасудите и животните тешкотии преку пишување. Филмот покажува како, со емпатија и едукација, може да се постигне меѓусебно разбирање и почит меѓу различните култури. Тој во голема мера постигна да пренесе важни пораки поврзани со различностите во мултиетничкото општество, поттикнувајќи почит кон културата на другите соученици и критичко размислување околу појавата на мултикултура.







Во филмот се прикажани ситуации во кои ликовите мораат да ги надминат своите предрасуди и стереотипи за да соработуваат и да се почитуваат едни со други. Ова создаде основа за учениците да размислуваат за сопствените предрасуди и за тоа како нивното однесување може да биде обликувано од културните и етничките разлики. Преку прикажување вакви моменти на културна интеракција филмот ги подготви учениците за дискусија за нивното секојдневие и за меѓуетничките односи во нивната училишна средина.

По завршувањето на проекцијата учениците беа охрабрени да учествуваат во дискусија, водена од фасилитатори, кои ги насочуваа учениците да размислат за улогата на културната размена во зајакнувањето на инклузивноста и соработката меѓу етничките заедници. Фасилитаторите имаа задача да создадат безбедна средина за учениците да ги изразат своите мисли, ставови и чувства за темите поврзани

со инклузивноста и културната размена. Дискусијата беше така структурирана што секој ученик имаше можност да ги сподели своите впечатоци од филмот, но исто така и да направи паралела меѓу она што го видел во филмот и она што го доживува во своето училиште. Учениците зборуваа за нивните искуства во средините во кои етничката поделба е видлива и како таа влијае на нивната способност да комуницираат и да соработуваат со учениците од другите заедници.

Една од главните теми на дискусија беше пронаоѓањето и негувањето на работите кои се заеднички и ги зближуваат (како што во случајот со учениците од филмот беше образованието, книгите, знаењето и заедничкиот труд за да реализираат еден проект) и како тие може да помогнат во надминувањето на стереотипите и предрасудите кои постојат меѓу различните заедници. Како резултат на тоа беа предложени нови идеи за понатамошни активности кои ќе ја продолжат оваа размена, вклучувајќи организирање заеднички изложби, натпревари во уметност и култура и заеднички иницијативи за промовирање на јазичната и културната инклузивност.

Овие работилници покажаа дека преку креативност и културна размена учениците можат да изградат поголемо чувство на заедништво и инклузивност. Претставувањето на нивните културни вредности не само што ги зближи учениците од различни етнички заедници, туку и создаде нови можности за соработка и почит. На овој начин филмот не беше само средство за забава, туку беше искористен како моќна алатка за едукација и поттикнување на учениците да размислуваат за нивната улога во создавањето инклузивна училишна и општествена атмосфера.

СОРАБОТКА СО УЧИЛИШТАТА

Најголем предизвик при спроведувањето на проектните активности беше воспоставувањето добра соработка со училиштата. Пред сè, како прв предизвик се јави извесен отпор во одредени училишта кон темата на проектот. Имено, во некои училишта сметаа дека зборувањето со учениците за предизвиците и придобивките од учењето и живеењето во мултиетничко општество може само да предизвика проблеми и тензии.

Вториот предизвик со кој се соочивме беше релативно малата вклученост на ученици кои учат на албански или турски наставен јазик во проектните активности. При комуникацијата со училиштето беше истакната важноста од присуството на учениците од различна етничка припадност во проектните активности, со цел да има продуктивна и целисходна дискусија. Сепак, навистина беше предизвикувачки да се обезбеди нивното присуство. Според претставниците од училиштата дел од причините поради кои немаше вклученост или имаше многу мала вклученост на учениците од албанска, турска или ромска етничка припадност е затоа што нема интерес кај тие ученици за ваков вид активности или за било какви активности поврзани со училиштето. Во одредени случаи, при разговор со учениците и со други наставници во училиштата, дознавме дека има несоодветна дисеминација на информации во рамки на училиштата. Исто така, во некои училишта наставниот кадар и стручната служба имаат контакт само со учениците од својот етникум. Ова ја прави дисеминацијата на информациите помеѓу учениците уште потешка. Загрижувачки е фактот дека во некои училишта дури и наставниот кадар и стручната служба од различен етникум имаат многу ограничен меѓусебен контакт.

Трет предизвик со кој се соочивме при спроведувањето на активностите од проектот беше ставот на дел од училиштата дека учениците немаат никаков интерес или мотивација за учество во какви било активности во или надвор од училиштето. Со

ваквиот став на дел од вработените во училиштето се доаѓа до состојба само одредени ‘избрани’ ученици, за кои тие сметаат дека би биле заинтересирани за вакви настани и активности, да бидат вклучени, што резултира со тоа дека одредени ученици се преоптоварени со дополнителни активности, а дел немаат шанса да се вклучат, бидејќи не ги добиваат соодветните информации. Според информациите што ги добивме, во одредени случаи работите одат до таму што на учениците кои се вклучени во одредени активности не им е даден избор дали сакаат да учествуваат или не, туку се приморани да учествуваат, а во одредени случаи дури и добиваат закани дека ќе добијат неоправдани доколку не присуствуваат на активностите.

Сметаме дека ваквите предизвици создаваат средини во кои се потиснуваат етничките тензии и се продлабочува поделбата и предрасудите, а дополнително, се создаваат средини во кои младите чувствуваат дека немаат глас и дека нивното мислење не е важно. Покрај младите, улогата на наставниците и на стручната служба е од клучно значење за промоција на толерантна и инклузивна средина. Ова беше и еден од заклучоците кои произлегоа од дискусиите на трибините и работилниците. На прашањето: ‘Кој сметате дека може да создаде поголема инклузија во училиштето?’, најчестиот одговор на учениците беше: „класната, наставниот кадар, директорот или самите ученици“.

ИДЕНТИФИКУВАНИ ПРЕДИЗВИЦИ И РЕШЕНИЈА ПРЕДЛОЖЕНИ ОД УЧЕНИЦИТЕ

Преку дискусиите на трибините и на работилниците учениците се осврнаа на неколку клучни предизвици кои директно влијаат врз нивната способност да се вклучат во инклузивни активности и да развијат чувство на заедништво со учениците од различни етнички заедници. Овие предизвици ги отсликуваат длабоките структурни проблеми во образовниот систем и во општеството во целина, кои се засноваат на етничка поделба, на јазични бариери и на недостиг од заеднички активности. Учениците исто така предложија конкретни решенија за надминување на овие проблеми.

Физичка сегрегација меѓу учениците → „Да имаме часови во исти смени!“

Еден од најзначајните предизвици што го идентификуваа учениците е физичката сегрегација помеѓу учениците од различни етнички заедници. Во многу училишта во Северна Македонија учениците од различни етнички заедници често учат во одделни паралелки, во различни смени, следат настава во училници кои се на различни спратови, или пак учат во сосема различни згради, на различен крај од градот, што значи дека ретко имаат можност да се сретнат и да соработуваат. Оваа физичка одвоеност не само што го попречува меѓуетничкото дружење, туку создава и психолошка бариера која поттикнува чувство на оддалеченост и недоверба меѓу учениците.

Учениците предложија неколку решенија за надминување на овој предизвик, од кои еден од примарните предлози беше **да се редизајнира распределбата на смените за порамномерно да се мешаат учениците кои учат на различни наставни јазици, потенцијално намалувајќи ја етничката сегрегација**. Дополнително, тие сметаат дека е потребно **зголемување на заедничките активности како**

начин да се премостат физичките и менталните бариери. Учениците сугерираа дека училиштата треба да организираат повеќе заеднички наставни активности кои ќе овозможат интеракција и заедничка работа. Овие активности би овозможиле учениците да развијат поголемо чувство на заедништво и доверба, со што би се намалила сегрегацијата.



Недостаток од заеднички воннаставни активности → „Заедно да спортуваме и да создаваме уметност!“

Учениците како голем проблем го истакнаа и недостатокот од заеднички воннаставни активности кој го ограничува нивното меѓусебно запознавање и соработка. Воннаставните активности се важен дел од училишното искуство, каде учениците можат да се запознаат, да соработуваат и да градат пријателства надвор од формалната настава. Сепак, поради сегрегираната природа на училиштата, овие активности често се организираат посебно за различните етнички групи, со што се губат можностите за заедничка интеракција.

Еден од најважните предлози од учениците беше да се зголеми бројот на заеднички воннаставни активности, со акцент на активностите кои ќе бидат привлечни за учениците од сите етнички заедници. Спортските натпревари беа наведени како пример за успешна заедничка активност, во кои учениците од различни етникуми ќе можат да соработуваат. Учениците истакнаа дека спортот создава услови за тимска работа и за заедничка цел, што придонесува за намалување на предрасудите и за зајакнување на меѓусебната доверба. Тие предложија училиштата да организираат повеќе спортски натпревари и турнири кои ќе вклучуваат мешани тимови од различни етнички групи.

Покрај спортот, учениците сугерираа организирање заеднички екскурзии и културни манифестации, како концерти, уметнички работилници и театарски претстави, во кои би можеле да учествуваат ученици од различни заедници. Овие активности би овозможиле учениците да ги споделат своите културни и јазични вредности, со што би се поттикнала културната размена и би се зголемила инклузивноста во училиштата.



Јазична бариера → „Кога би имале изборен предмет турски/албански/македонски јазик, би го учеле јазикот“.

Еден од најголемите предизвици за учениците беше јазичната бариера. Непознавањето на јазикот на другата етничка заедница создава значителна пречка за комуникација и соработка меѓу учениците од различни етникуми. Македонските и албанските ученици често не го владеат јазикот на другиот, што ги спречува да се вклучат во подлабоки разговори или активности кои бараат комуникација. Оваа јазична бариера го продлабочува чувството на оддалеченост и доведува до појава на стереотипи и предрасуди.

Учениците предложија неколку решенија за надминување на јазичната бариера. Еден од најчестите предлози беше **воведувањето изборни предмети, при што учениците ќе имаат можност да го изучуваат јазикот на другите етнички заедници**. Ова би овозможило учениците да ги подобрат своите јазични вештини и да развијат поголема културна свест и разбирање. Исто така, беше предложено да се организираат и неформални јазични клубови во кои учениците би можеле да учат едни од други преку неформална комуникација и дружење.

Дополнително, **учениците сугерираа воведување активности и проекти кои ќе вклучуваат повеќејазична комуникација**, како на пример заеднички презентации или групни проекти на различни теми, при што учениците ќе мораат да комуницираат на македонски, албански или други јазици. Ова би помогнало во унапредувањето на јазичните вештини и во надминувањето на стереотипите за непознавањето на јазикот на другите.

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Проектот „Младински активизам за инклузивно општество“ јасно покажа **дека младите во Северна Македонија се подготвени и мотивирани да играат активна улога во создавањето на едно инклузивно и хармонично општество.** Преку нивното учество во трибините и во работилниците тие покажаа иницијатива и интерес за надминување на постојните етнички поделби и за изградба на заеднички идентитет кој се темели на меѓусебна почит и културна размена. Сепак, и покрај овој ентузијазам, проектот ги истакна и големите структурни предизвици кои треба да се надминат, за овие напори да бидат успешни на подолг рок.

Јазичната бариера беше идентификувана како една од најзначајните пречки за инклузивност во училиштата. Учениците често посетуваат училишта во кои наставата се одвива на различни јазици, а тоа придонесува за поделби меѓу етничките групи, бидејќи ретко имаат можност за заедничко учење и соработка. Во овој контекст непознавањето на јазикот на другата етничка заедница се покажа како сериозна бариера за комуникација и меѓусебно разбирање.

Физичката сегрегација, како што е организирањето настава во различни смени или во одделни училишни простории, дополнително го усложнува овој проблем. Учениците во многу случаи немаат можност да се сретнат, да соработуваат или да изградат пријателства со врсници од други етнички заедници. Оваа ситуација создава чувство на оддалеченост и неповрзаност, а тоа ги поттикнува стереотипите и предрасудите и дава можност да има долгорочни последици врз меѓуетничките односи во општеството.

За да се надминат овие предизвици од суштинско значење е да се воведат дополнителни мерки кои ќе го поттикнат мешањето меѓу учениците и ќе создадат повеќе можности за заеднички активности. Зголемувањето на бројот на заеднички воннаставни активности, како спортски натпревари, културни манифестации и креативни проекти, може да игра клучна улога во промовирањето на меѓусебната доверба и почит. Овие активности овозможуваат учениците да се запознаат, да соработуваат и да развијат заеднички искуства кои ќе ги обединат во етничките разлики.

Дополнително, јазичните бариери мора да се надминат преку програми за јазична размена и воведување изборни часови во кои учениците ќе можат да го изучуваат јазикот на другата етничка заедница. Ова не само што ќе ги подобри комуникациските вештини на учениците, туку и ќе ја зголеми нивната културна свест и ќе ги поттикне на поотворен пристап кон различностите.

Исто така, **улогата на училиштата и на наставниот кадар е од клучно значење за поттикнување на инклузивноста. Наставниците и директорите треба да обезбедат поддршка за ваквите активности, да создадат училишна клима во која сите ученици, без разлика на нивната етничка припадност, ќе се чувствуваат прифатени и вреднувани.** Вклучувањето на наставниците во организацијата на заедничките активности, како и нивната обука за инклузивни методи на работа, може

значително да го подобри меѓуетничкиот дијалог и да ја зајакне инклузивноста во училиштата. Од особена важност е наставниот и стручниот кадар во училиштата да се сензибилизира за значењето на мултикултурата и за развивање демократски компетенции кај учениците, како што се толеранција, емпатија, отвореност спрема другите култури и уверувања, почит и прифаќање на различно мислење.

Од проектните активности беше евидентирано дека изградбата на поефективен систем за поддршка, кој ги вклучува наставниците, училишниот персонал и директорите, би овозможил поефикасно справување со предизвиците на различностите. Недоволната одговорност во овој аспект се рефлектира најмногу во неефикасниот начин на комуникација. Во многу од случаите учениците се жалеа дека биле слабо информирани за одредени настани, за воншколски активности и за други можности, при што нивната неинформираност од наставниот кадар се толкува како „незаинтересираност.“ Информациите најчесто се пренесуваат усно, за време на часовите. Во други случаи учениците добиваат информации од претседателите на класовите преку апликациите за комуникација, а често и преку разговори во ходниците или меѓусебно. Тие ја нагласија потребата од поширок комуникациски платформи каде што би можеле безбедно да ги изразат своите грижи, да предлагаат иницијативи и да споделуваат информации.

Во иднина, континуираниот развој на ваквите проекти и програми е клучен за долгорочно унапредување на меѓуетничките односи во Северна Македонија. **Младите имаат потенцијал да бидат предводници на овие промени, но потребна е поддршка од образовните институции, локалните заедници и општеството во целина за тие да можат да го остварат својот целосен потенцијал.**

Конечно, иако предизвиците се големи, проектот покажа дека преку заеднички активности, културна размена и соработка, младите во Северна Македонија можат да бидат двигатели кон едно поинклузивно и праведно општество. Важноста на инклузивноста во образованието не може да се потцени, бидејќи токму училиштата се местата каде што се градат основите на идните меѓуетнички односи. Со соодветна поддршка младите можат да придонесат за создавање иднина во која различностите ќе бидат извор на сила, а не на поделба.

ihr.org.mk

